Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија'' број 05/02), Градоначалникот на Град Охрид донесе:

**ПРАВИЛНИК**
**за начинот, постапката и критериумите за вклопување на предлог- идеи на програми, проекти и активности од областа на културата од интерес на општина Охрид**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат начинот, критериумите и постапката за вклопување на предлог - идеи за програми, проекти и активности од областа на културата од интерес на општина Охрид во рамки на Програмата за култура.

**Член 2**

Финансиските средства за предлог- идеите кои ќе станат составен дел од Програмата за култура се обезбедени од Буџетот на општина Охрид.

## II. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВЕН ПОВИК

**Член 3**

Согласно овој Правилник дел од програмата за култура на општина Охрид можат да бидат физички лица со живеалиште на подрачјето на општина Охрид (уметници и самостојни уметници) кои вршат дејност од областа на културата, правни лица кои вршат дејност од областа на културата на подрачјето на општина Охрид (установи од областа на културата, здруженија на граѓани, фондации и други правни лица регистрирани во општина Охрид)и други физички и правни лица кои немаат живеалиште или регистрирана дејност на територија на општина Охрид, (но имаат потпишан договор или меморандум за соработка со институции или здруженија на граѓани со седиште во општина Охрид), но кои со нивната дејност и активност придонесуваат за промоција и збогатување на културата во градот и согласно Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Северна Македонија, ги исполнуваат критериумите од овој Правилник и ја доставиле потребната документација.

Доколку има ситуација на изедначеност во бодувањето предност имаат оние апликанти кои се вклопуваат во планот и програмата за работа на Одделението за култура за тековната година, а за што Комисијата го задржува правото на избор, по дадена согласнот на градоначалникот .

## III. НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член 4**

Постапката за доделување на финансиски средства за спроведување на програми, проекти и активности од областа на културата ќе се спроведе со Јавен повик за вклопување на предлог- идеи од областа на културата од интерес на општина Охрид кои ке станат составен дел од Програмата за култура,доколку истите ги исполнуваат критериумите од овој правилник.

**Јавниот повик го објавува општина Охрид.**
Јавниот повик се објавува на веб-страницата на општина Охрид (www.ohrid.gov.mk).
Јавниот повик трае најмалку 15 календарски дена од денот на објавување.

## IV.НАЧИН И ПОСТАПКА

Сите заинтересирани субјекти за финансиска поддршка од општината, аплицираат на Јавен повик, кој за секоја наредна година го распишува Градоначалникот пред крајот на претходната година, се со цел низ транспаретна постапка да може да биде изработена новата програма за култура на општина Охрид.

**Член 5**

Пријавувањето на Јавниот повик се врши со доставување на предлог (програма,проект,активност од областа на културата), каде детално во образецот пријавата, апликантот истата ќе ја образложи за која ќе достави и финансиски план за реализација во соодветна финансиска рамка.

Со пријавата може да се достават и други документи/материјали за дообјаснување на (програма,проект,активност од областа на културата за кои учесникот на Јавниот повик цени дека е потребно да ги достави.

Прифатените предлог идеи кои ги исполнуваат критериумите од член 11 ќе станат составен дел од програмата за култура и истите ќе се реализираат во текот на годината согласно поднесената пријава.

Нема да бидат разгледувани пријави: доставени по истекот на рокот на Јавниот повик, пријави доставени по електронска пошта, нецелосно пополнети и нецелосни предлог проекти без приложени документи кои задолжително се бараат. Материјалите доставени со пријавите на Јавниот повик не се враќаат.

Пријавите со документите се доставуваат во затворен коверт: **Општина Охрид, ул. „Димитар Влахов“ бр. 57, 6000 Охрид со назнака за „Јавен повик за финансирање на предлог идеи од јавен интерес во областа на културата на општина Охрид за 2026 година“** - лично во архивата на Општина Охрид.

**Член 6**

Доставените пријави по „Јавниот повик за финансирање на предлог идеи од јавен интерес во областа на културата на Општина Охрид за 2026 година“ ги разгледува Комисија која ја формира Градоначалникот на Општина Охрид во состав од 5 (пет) члена, кои ќе бидат од редот на вработените во општинската администрација и советот на општина Охрид.

Еден од членовите на комисијата се именува за претседател.

Мандатот на членовите на Комисијата е 1 (една) година, со можност за повторно именување.

Комисијата за својата работа води Записник.

Комисијата од пристигнатите пријави утврдува ранг листа и во рамки на можниот буџет наменет за култура во општина Охрид одобрените предлог (програма,проект,активност од областа на културата) ги вметнува во програмата за култура.

Доколку нема доволно средства во рамки на програмата за некои проектни активности, тие ќе бидат земени во предвид во текот на годината без да се објавува нов јавен повик за сите ребаланси кои ќе се прават на програмата во текот на буџетската година.

Исто така доколку во расправата по Нацрт програмите се утврди дека некоја активност е значајна за Охрид, а не била аплицирана на јавниот повик може да стане составен дел од предлог програмата .

**Член 7**

По објавување на Јавниот повик, Претседателот на Комисијата свикува состанок на кој се разгледуваат пристигнатите пријави во однос на тоа дали ја содржат потребната документација.

За текот на одржаниот состанок се води Записник.

Во Записникот, Комисијата констатира дали пријавите се навремени и комплетни, и ги исполнуваат критериумите од Правилникот.

За пријавите кои се комплетни, навремени и ги исполнуваат критериумите согласно член 11, Комисијата дава предлог до Градоначалникот за вметнување во програмата за култура и доделување на финансиски средства на апликантите.

За пријавите кои се некомплетни, ненавремени и не ги исполнуваат критериумите согласно член 11, Комисијата ги известува подносителите.

Предлогот за доделување на финансиски средства го потпишува претседателот на Комисијата и го доставува до Градоначалникот.

**Член 8**

Откако програмата за култура ќе биде усвоена од Советот на општина Охрид и истата ќе биде објавена во Службен гласник на општина Охрид, подносителот на

определената идеа која е дел од програмата за култура, доставува барање за исплата на првиот дел од средствата одобрени за активноста до одделението за култура.

Потоа се врши исплата на утврдените финансиски средства,а по завршувањето на активноста се доставува финансиски и наративен извештај до одделението за култура за начинот на користење на средствата.

Извештајот треба да биде поднесен најдоцна до 30 ноември од тековната година.

Исклучок се пријави чија реализација е во текот на ноември и декември, нивниот извештај се допушта да биде поднесен веднаш по завршување на реализираниот проект.

**Член 9**

Апликантите - правните субјекти и физичките лица - кои учествуваат на Јавниот повик, за исполнување на критериумите се должни да ја достават следнава документација:

**Правните субјекти** - установи од областа на културата, здруженија на граѓани, невладини организации, фондации и други правни лица да достават:

а) Пополнета пријава/апликација (пријавата ќе биде објавена на веб-страницата на општина Охрид: www.ohrid.gov.mk);

б) Копија од Решение за упис во Централен регистар на Република Северна Македонија;

в)Копија од Тековна состојба за регистрирана дејност не постара од шест месеци, издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија;

г) Потврда за отворена и активна жиро сметка со банката;

д) Референтна листа за претходно организирани и реализирани програми, проекти, програмски активности и манифестации во последните три години.

**Физичките лица** - уметници и самостојни уметници да достават:

а) Пополнета пријава/апликација (пријавата ќе биде објавена на веб-страницата на општина Охрид: www.ohrid.gov.mk);

б) Кратка биографија и CV на апликантот;

в) Доказ за жителство во градот Охрид;

г) Копија од предната страна на трансакциска сметка (исклучиво лична на апликантот, не ополномоштена од трето лице, а доколку барателот е малолетно лице трансакциската сметка треба да е исклучиво лична на барателот ополномоштена од родител/старател).

## V. ОБЛАСТИ ЗА УЧЕСТВО НА АПЛИКАНТИТЕ

**Член 10**

а) Општина Охрид ќе додели финансиски средства за програми, проекти и активности од областа на културата, во следниве области:

- Изведбени уметности
- Музички уметности
- Визуелни уметности и уметност на новите медиуми
- Издавачка и библиотечна дејност
- Музејска дејност и промоција на културното наследство
- Меѓународна соработка

- Креативни индустрии
- Инклузивна култура
- Програма за деца ( од 6 до 12 години) под мотото: „Културата расте со децата“

- културен туризам –проекти кои ја промовираат Општина Охрид како културно – туристичка дестинација преку фестивали, изложби, гастро – настани и мултимедијални презентации;
- Филмска и аудиовизуелна уметност –поддршка на краткометражни и документарни филмови, видео –проекти и медиумски содржини кои промовираат културни и уметнички вредност;
- Истражувачка и научна дејност во културата –поддршка за истражувања, публикации и проекти кои го истражуваат културното наследство, фолклорот и традициите на Охрид.

**1. Изведбени уметности:**

- негување и презентација на националното драмско и музичко-сценско творештво од различни уметнички стилови и жанрови со застапеност на традиционални и современиавтори;
- презентација на врвни уметнички дела од светската драматургија во Скопје како и дела од областа на музичко-сценските уметности;
- работилници со млади како и со лица со посебни потреби од областа на драмските и музичко-сценските уметности;
- поддршка на театарскифестивали;
- презентирање на македонскиот фолклор и фолклорот на припадниците на заедниците кои живеат во градот Охрид и
- презентирање на македонскиот фолклор и фолклорот на припадниците на заедниците кои живеат во градот Охрид на фестивали и манифестации што се оддржуваат во градови од други држави со кои град Скопје има воспоставено соработка, а за што мора да биде доставена и покана од организаторот на манифестацијата.

**2. Музичките уметности:**

- промоција и изведба на музички дела и творештво со стилска и жанровска разновидност;
- поттикнување и изведба на нови музички форми и изрази;
- поддршка на музички фестивали;
- стимулирање на македонското музичко творештво и музичкото творештво на заедниците кои живет во град Охрид со висока уметничка вредност;
- поддршка на концерти на млади музичари - изведувачи и композитори и
- поддршка на концерти на отворени јавни простори и градски паркови.

3. **Визуелните уметности и уметноста на новите медиуми:**
- ретроспективно-монографски изложби од особено значење за општина Охрид што одразуваат континуитет во уметничкото дејствување во Охрид потврдени од ликовната критика и историјата на уметноста;
- самостојни, групни и други проекти од земјава и од странство што ги промовираат современите уметнички форми и изрази и придонесуваат за развој на современиот ликовен јазик во градот Охрид;
- промоција и развој на современата урбана уметност со акцент на користење на јавните градски површини како и други алтернативни простори за презентација на уметничките дела во градот Охрид;
- подршка на филмски фестивали;
- изложбени проекти одо бласта на креативните индустрии и
- изложби и проекти на млади уметници  од областа на визуелните уметности и уметноста на новитемедиуми (до 35 години).

4. **Издавачката и библиотечната дејност:**
- издавање на книги и електронски изданија, публикации, монографии, зборници што обработуваат теми од современиот живот и историјата на Охрид;
- поддршка на книжевно творештво со високи вредности од автори кои творат на македонски јазик и на јазиците на заедниците во општина Охрид;
- дела со исклучителна културна вредност, монографии, стручни публикации, како и дела што се резултат на истражувачи проекти за градот Охрид;
- издаваштво наменето за деца и млади;
- за дела на автори со прво издание задолжителни се две (2) рецензии и
- за дела на автори со повеќе издадени книжевни дела, задолжителна е една (1) рецензија.

5. **Музејската дејност и промоција на културното наследство:**
- презентација, популаризација и промоција на културното и историско  наследство во општина Охрид;
- користење на културното наследство како ресурс  за развој на туризмот;
- организирање на кампањи, работилници и предавања за промоција и значењето на културното наследство на територијата на општина Охрид.

6. **Меѓународната соработка:**
- соработка и учество на меѓународни манифестации, фестивали и проекти врз основа на реципроцитет за што треба да се достави покана од организаторот;
- програми и проекти од областа на културата што ќе се одвиваат на подрачјето на општина Охрид, а кои што имаат обезбедено финансиска поддршка (грант) од фондовите на Европската Комисија, УНЕСКО и/или други меѓународни фондови и

- соработка и реализирање на заеднички проекти со организации, установи и поединци од:
  а) збратимените градови со општина Охрид,
  б) градови со што е воспоставен протокол или програма за соработка и
  в) градови што соработуваат со општина Охрид врз основа на воспоставен контакт (https://ohrid.gov.mk/) – линк на официјалниот портал на општина Охрид.

**7. Креативни индустрии :**

- поддршка и иницирање на нови активности за развој и поттикнување на креативните индустрии,организирање на фестивали за креативни индустрии;
- создавање услови за работата во областите на креативните сектори (ИТ, нови медиуми, видео-филм и анимација, современ продукт-дизајн, индустриски, моден, мебел-дизајн и друго);
- промоција на вредности, производи и услуги од областа на креативните индустрии како што се: дизајн (индустриски, графички, моден дизајн), мебел дизајн и архитектура, аудио-визуелени уметности, нови медиуми, ИТ технологии, изведбени уметности и други;
- поттикнување на претприемачките и бизнис вештини кај младите, уметниците, дизајнерите и поединците/групите во рамките на креативните сектори;
- активности со продажен потенцијал (вклучувајќи и попап продавници);
- стимулација, реализација, презентација и развој на креативните потенцијали кај децата и младите, за остварување на креативни проекти.

- 8**. Инклузивна култура**

-Вклучување на маргинализираните групи во културниот живот на Општина Охрид.

- Поттикнување на креативноста на повозрасните жители на Охрид, ранливите категории, лицата со посебни потреби, лицата со ретки болести
- Поддршка на културните производи создадени од горенаведените маргинализирани категории на граѓани на Охрид

- ***9. Програма на Општина Охрид наменета за децата***

**„Културата расте со децата“**

- Вклучување на најмладите на Општина Охрид од 6 до 12 години во културниот живот на Општина Охрид,

- Едукативни културни содржини наменети за најмладите во сите дејности на културата со цел поттикнување на творештвото, почитување и негување на охридската и македонската традиција и зголемување на свеста на децата за културата и културното наследство

10. **Посебни цели во областа на креативни индустрии, аудио-визуелни уметности и уметност на новите медиуми**

**Промоција на современата креативна продукција**

-Поттикнување на млади автори, дизајнери, режисери, фотографи, уметници и дигитални креатори да развиваат оригинални проекти во областа на визуелните и аудио-визуелните уметности.

**- Интеграција на уметноста и технологијата**

Поддршка на иницијативи кои користат нови медиуми (дигитална уметност, видеопроекции, интерактивни инсталации, VR/AR технологии, мултимедијални перформанси) како средство за современо уметничко изразување.

**-Развивање на пазар и инфраструктура за креативните индустрии**

Поттикнување на соработка помеѓу уметници, креативни студија, медиумски продукции, технолошки компании и образовни институции за создавање одржливи модели на продукција и дистрибуција.

**Подигање на културната писменост и дигитална култура кај јавноста**

Организирање на работилници, обуки и јавни презентации со цел да се едуцираат граѓаните за современите медиуми и нивниот потенцијал во културата и општеството.

**Меѓународна промоција и видливост**

Поддршка на учества на локални автори и продукции на фестивали, изложби и медиумски настани во земјата и странство.

**Зачувување на културниот идентитет преку нови медиуми**

Користење на современи дигитални технологии за претставување, документирање и интерпретација на локалното културно наследство на современ, достапен и атрактивен начин.

**Поттикнување на младинска креативност и претприемништво**

Развивање на програми за млади уметници и медиумски креатори кои ги поврзуваат уметноста, технологијата и иновацијата со културниот развој;

**11.Посебни цели во областа на културен туризам**

1. **Промоција на Охрид како водечка културно-туристичка дестинација**

Развивање и реализирање на настани кои ја афирмираат уникатната комбинација на културно наследство, традиција и современа уметност во Охрид.

2. **Интеграција на културата и туризмот во заеднички бренд на градот**

Поттикнување на соработка меѓу културните институции, локалните занаетчии, гастро-производители, туристички водичи и приватниот сектор за создавање препознатливи културно-туристички понуди.

3. **Развивање на фестивали и тематски настани со туристички потенцијал**

Поддршка на постојните и нови фестивали, изложби, ревии и гастро-настани кои придонесуваат кон продолгување на туристичката сезона и зголемување на посетеноста.

4. **Мултимедијална промоција на културните вредности на Охрид**

Креирање дигитални и интерактивни материјали (видеа, виртуелни тури, фото-галерии, уметнички проекции) кои ја презентираат културната историја и современата сцена на Охрид.

5. **Вклучување на локалната заедница во културно-туристички активности**

Поттикнување на учество на локални уметници, млади, занаетчии и жители во подготовката и реализацијата на културно-туристички настани, со цел градење на заеднички идентитет и гордост.

6. **Развивање на гастрономијата како културна вредност**

Промоција на традиционалната охридска и македонска кујна како дел од културниот живот, преку дегустации, гастро-фестивали, промоции на локални производи и кулинарски работилници.

7. **Поврзување со меѓународни културни и туристички мрежи**

Поттикнување на размена, партнерства и промоција на Охрид на европски и светски културно-туристички платформи.

**12.Посебни цели во областа на филмската и аудиовизуелната уметност**

1. **Поттикнување на филмската креативност и продукција во Охрид**

Поддршка на автори и млади филмски творци во создавање краткометражни, документарни и експериментални филмови кои го прикажуваат културниот, историскиот и современиот живот на Охрид и Македонија.

2. **Развивање на локална аудиовизуелна сцена и инфраструктура**

Поддршка за мали студија, независни продукции и креативни тимови кои работат во областа на филмот, видеото и мултимедијалните уметности.

3. **Промоција на културни и уметнички вредности преку медиумски содржини**

Поттикнување на филмски и видео проекти што ја афирмираат националната култура, уметност, традиции, јазик и локални приказни со универзална порака.

4. **Поддршка на филмски фестивали, проекции и јавни презентации**

Организирање на фестивали, тематски проекции и разговори со автори, со цел промоција на современи македонски и странски документарни и краткометражни филмови.

5. **Развивање на едукативни програми во областа на аудиовизуелната култура**

Организирање на обуки, мастер-класи и работилници за снимање, монтажа, сценарио и дигитална продукција за млади филмаџии и ученици.

6. **Интернационална соработка и промоција**

Поттикнување на партнерства со филмски фестивали, продукции и медиумски центри во земјата и странство за размена на искуства и промоција на локалните филмски автори.

7. **Зачувување на филмското наследство и културна меморија**

Поддршка на иницијативи за дигитализација, реставрација и јавна достапност на стари документарни снимки и материјали со историска и уметничка вредност за Охрид и регионот.

**Посебни цели во областа на истражувачка и научна дејност во културата**

1. **Истражување и документирање на културното наследство на Охрид**

Поттикнување научни и теренски истражувања за нематеријалното и материјалното културно наследство, со особен акцент на локалните преданија, обичаи, уметнички изрази и духовна традиција.

2. **Промоција на научен и истражувачки пристап кон културата**

Поддршка на студии, анализи и научни трудови кои овозможуваат нови согледувања и современи интерпретации на охридското културно и историско наследство.

3. **Издавање на публикации и монографии од областа на културното наследство**

Поттикнување издавачка дејност за книги, каталози, фотомонографии и научни списанија кои ја документираат и промовираат културната историја на Охрид и неговите творци.

4. **Интердисциплинарна соработка меѓу истражувачи и уметници**

Поддршка на заеднички проекти меѓу истражувачи, архивисти, етнолози, историчари на уметност и современи автори за поврзување на традицијата со новите уметнички практики.

5. **Развивање на истражувачки центар или база на податоци за охридското наследство**

Создавање дигитални архиви и бази на податоци со материјали за уметници, настани, локални занаети, песни, инструменти и културни објекти.

6. **Популаризација на резултатите од истражувањата**

Организирање научни собири, трибини, изложби и мултимедијални презентации за поширока јавност, со цел културното наследство да стане дел од современата културна свест.

7. **Зачувување и афирмација на фолклорот и традициите**

Поддршка на проекти кои го проучуваат, снимаат и пренесуваат живиот фолклор – песни, ора, носии, народни приказни и говори – како дел од културниот идентитет на Охрид.

## VI. КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

**Член 11**

Комисијата ќе ги прифати пријавите кои согласно критериумите и бодовните листи утврдени со Правилникот ќе обезбедат најмалку 60 бодови.

а) Бодовни критериуми за: Изведбени уметности, Музички уметности, Визуелни уметности и уметност на новите медиуми, Издавачка и библиотечна дејност, Музејска дејност и промоција на културното наследство, Меѓународна соработка, инклузивна култура и програма наменета за деца, културен туризам –проекти кои ја промовираат Општина Охрид како културно – туристичка дестинација преку фестивали, изложби, гастро –настани и мултимедијални презентации, филмска и аудиовизуелна уметност -поддршка на краткометражни и документарни филмови, видео –проекти и медиумски содржини и медиумски содржани кои промовираат културни и уметнички вредности, истражувачка и научна дејност во културата – поддршка за истражувања, публикации и проекти кои го истражуваат културното наследсво, фолклорот и традициите на Охрид.

Критериуми за вклопување на предлог- идеите од областа на културата во доменот на професионално делување во културата, младинско делување во културата и аматерско делување во културата од интерес за општина Охрид се бодуваат на следниот начин:

1. **Професионално делување во културата**

| Критериуми за професионално делување во културата | бодови |
|---|---|
| **1. Структура и ресурси на организацијата** | **25** |
| 1.1 Искуство на апликантот во спроведување и реализирање на програма/проект/активност од областа на културата | 10 |
| 1.2 Стручност на лицата кои учествуваат во спроведување на проектот и активноста | 10 |
| 1.3 Видливост на организацијата – (online) | 5 |
| **2. Буџет на програма/проект/активност** | **25** |
| 2.1 Детално разработен финансиски план за потребните средства за реализација на програма/проект/активност | 10 |
| 2.2 Оправданост на трошоците во предложениот финсиски план (реален буџет во однос на активностите и бројот на ангажирани лица, опис на трошоци по позиции и колку тие соодветствуваат со пазарните цени). | 10 |
| 2.3 Обезбедени дополнителни средства од сопствени или други извори. | 5 |
| **3. Квалитет на програма/проект/активност** | **50** |
| 3.1 Детално разработени програма/проект/активност и уредно пополнета пријава согласно правилата на Јавниот повик. | 10 |
| 3.2 Придонес на програма/проект/активност во остварување на општите и посебните цели за развојот на културата на ниво на општина Охрид | 20 |
| 3.3 Понудени квалитетни и иновативни решенија за реализирање на проектните цели кои содржат иновативност, впечатливост и оригиналност на идејата. | 10 |
| 3.4 Обезбедена институционалнаподдршка (покана од фестивали, писмо на поддршка оддруга културна установа или надлежен орган, вклученост на еден или повеќе субјекти во реализацијата на програма/проект/активност) | 5 |
| 3.5 Вклучување на жени во проектната културна активност или носител на проектната активност биде жена | 5 |
| **Вкупно бодови:** | **100** |

## 2. Младинско делување во културата

| Критериуми за младинско делување во културата | бодови |
|---|---|
| **1. Квалитет на апликантот** | **20** |
| 1.1 Искуство на апликантот во реализирање на програма/проект/активност од областа на младинскот оделување во културата | 10 |
| 1.2 Листа со референци (препораки, признанија и награди, предходни настапи на манифестации и слично) | 10 |
| **2. Буџет на програма/проект/активност** | **20** |
| 2.1 Детално разработен финансиски план за потребните средства за реализација на програма/проект/активност | 10 |
| 2.2 Оправданост на трошоците во предложениот финсиски план (реален буџет во однос на активностите и бројот на ангажирани лица, опис на трошоци по позиции и колку тие соодветствуваат со пазарните цени) | 5 |
| 2.3 Обезбедени дополнителни средства од сопствени или други извори | 5 |
| **3. Квалитет на програма/проект/активност** | **40** |
| 3.1 Детално разработени програма/проект/активност и уредно пополнета пријава (апликација) | 10 |
| 3.2 Понудени квалитетни и иновативни решенија за реализирање на проектните цели што содржат иновативност, впечатливост и оригиналност на идејата | 10 |
| 3.3 Придонес на програма/проект/активност во остварување на општите и посебнитецели за развојот на културата на ниво на ГрадОхрид | 10 |
| 3.4 Придонес на проектот во остварување на младинско учество во културата | 5 |
| 3.5 Вклучување на жени во проектната културна активност или носител на проектната активност да биде жена | 5 |
| **4. Профил на учесниците** | **20** |
| 4.1 Број на директновклученимлади во проектот (уметницидо 35 години, младинци до 30 години) | 10 |
| 4.2 Обезбедена институционална поддршка и вклучени партнери (покана од фестивали, писмо на поддршка од друга установа од областа на културата или надлежен орган, вклученост на еден или повеќе субјекти во реализација на програма/проект/активност) | 5 |

| | |
|---|---|
| 4.3 Проценет број на млади луѓе (до 30 години) на кои се однесува програма/проект/активност(предвидена публика, директни и индиректни корисници) | 5 |
| **Вкупно бодови:** | **100** |

3. **Аматерско делување во културата**

| Критериуми за аматерско делување во културата | бодови |
|---|---|
| **1. Програма/проект/активност** | **25** |
| 1.1 Детално разработени програма/проект/активности уредно пополнета пријава согласно правилата на Јавниот повик. | 20 |
| 1.2 Искуство на апликантот во реализирање на програма/проект/активностодобласта на културата | 5 |
| **2. Буџет на програма/проект/активност** | **25** |
| 2.1 Детално разработен финансиски план за потребните средства за реализација на програма/проект/активност | 10 |
| 2.2 Оправданост на трошоците во предложениот финсиски план (реален буџет во однос на активностите и бројот на ангажирани лица, опис на трошоци по позиции и колку тие соодветствуваат со пазарните цени) | 10 |
| 2.3 Обезбедени дополнителни средства од сопствени или други извори | 5 |
| **3. Квалитет на програма/проект/активност** | **50** |
| 3.1 Придонес на програма/проект/активност во остварување на општите и посебните цели за развојот на културата во општина Охрид | 20 |
| 3.2 Иновативност, впечатливост и оригиналност на идејата | 20 |
| 3.3 Обезбедена институционална поддршка (покана од фестивали, писмо на поддршка од друга установа од областа на културата или надлежен орган, вклученост на еден или повеќе субјекти во реализација на програма/проект/активност) | 5 |
| 3.4 Вклучување на жени во проектната културна активност или носител на проектната активност да биде жена | 5 |

| **Вкупно бодови:** | **100** |
|---|---|

**б)**Бодовни критериуми за Креативни индустрии

Критериуми за доделување на финансиски средства од областа на културата во доменот на креативните индустрии се бодуваат на следниот начин:

| **Задолжителни критериуми** | Максимум бодови |
|---|---|
| **1. Организациска структура и искуство** | **40** |
| 1.1 Дали апликантот има потребни технички ресурси за реализација на предлог програма/проект/активност | 9 |
| 1.2 Стручни лица кои учествуваат во спроведување на програма/проект/активност | 8 |
| 1.3 Видливост на апликантот (организацијата, здружението, агенцијата ) online | 8 |
| 1.4 Дали апликантот има релевантно искуство во реализација на програма/проект/активност од областа на креативните индустрии | 8 |
| 1.5 Дали апликантот има обезбеден простор за реализација на фестивалот | 7 |
| **2. Финансиски план** | **20** |
| 2.1 Дали правното лице обезбедува процент на сопствено учество во остварување на програма/проект/активност | 7 |
| 2.2 Дали предложениот финансиски план е оправдан | 7 |
| 2.3  Акционен план за реализација на активностите во рамките на програма/проект/активност | 6 |
| **3. Квалитет на програма/проект/активност** | **40** |
| 3.1 Колку општата цел на програма/проект/активностќе придонесе кон реализација на дадените приоритети, колку е јасна и соодветно определена | 10 |
| 3.2 Понудени оригинални, иновативни и квалитетни решенија во предлог програма/проект/активност | 10 |

| | |
|---|---|
| 3.3 Обезбедена вклученост на други институции и организации | 10 |
| 3.4 Мултидисциплинарни, интердисциплинарни и мултикултурални активности кои се предвидени во рамките на програма/проект/активност, инволвирање на креативните индустрии во формалните и неформалните образовни процеси во Охрид | 5 |
| 3.5 Активности од меѓународен карактер, присуство на експерти од областа на креативните индустрии (преку партнерства и копродукции) | 5 |
| **Вкупно бодови:** | **100** |

**Член 12**

Општина Охрид може да го поништи јавниот повик доколку:
- не е пристигната ниту една пријава;
- пријавите кои се пристигнати и не ги исполнуваат критериумите утврдени согласно член 11(единаесет).

**Член 13**

Овој Правилник влегува на сила со денот на донесувањето.

Комисија:
Весна Јованоска - претседател
Ива Николоска член
Илкер Мустафа член
Татјана Трпческа член
Александра Белеска Танеска член

ОПШТИНА ОХРИД
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков**